Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-1944/6
11-04-2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство, трговија
ПЕТРОС ДОО
Бр. 03-48/23
13.04 2023
КУМАНОВО

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, трговија и услуги ПЕТРОС ДОО Куманово на локалитетот „Црковни Рид", с.Орашац, општина Куманово бр.41-1027/7 од 29 март 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.75/23) и членот 24 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Црковни Рид", с.Орашац, општина Куманово бр.24-7416/1 од 05.12.2013 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштвото за производство, трговија и услуги ПЕТРОС ДОО Куманово**
**со адреса: Трајко Јовановски Кмет бр.34 Куманово, Република Северна Македонија**
**застапувано од лицето Гордан Георгиев**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2023 година во Скопје, склучија:**

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ЦРКОВНИ РИД", С.ОРАШАЦ, ОПШТИНА КУМАНОВО

**Член 1**

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Црковни Рид", с.Орашац, општина Куманово бр.24-7416/1 од 05.12.2013 година, членот 3 се менува и гласи:

**„Член 3**

**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години".

**Член 2**

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Црковни Рид", с.Орашац, општина Куманово бр.24-7416/1 од 05.12.2013 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Црковни Рид", с.Орашац, општина Куманово бр.24-7416/1 од 05.12.2013 година остануваат во сила, непроменети.

**За Концедентот**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Kreshnik Bekteshi**

**За Концесионерот**
**Друштво за производство трговија и услуги ПЕТРОС ДОО Куманово**
**Гордан Георгиев**

Изработил/Përpiloi: Снежана Трајановска-Богоева
Контролирал/Kontrolloi: Кика Шпритова
Алесандра Митреска
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

## Топографска карта на концесиски простор

**1:25000**

**Локалитет:** Црковни Рид с. Орашац - Куманово

**Минерална суровина:** Мермер

**Површина = 0.829647 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7567500 | 4656700 |
| 2 | 7567525 | 4657713 |
| 3 | 7568275 | 4657713 |
| 4 | 7568388 | 4656700 |